*Н. В. Зуева* (СССР)

# СОВЕТСКАТА ИСТОРИСКА ЛИТЕРАТУРА ЗА 50-ГОДИШНИНАТА НА ВЕЛИКИОТ ОКТОМВРИ

СОВЕТСКАТА историска наука за 50 години развиток на Советската држава има достигнато значителни успеси во разработувањето на важните јазолни проблеми на националната и општата историја. Развивајќи се врз основа на марксистичко-ленинистичката методологија, таа има извршено голема работа во изучувањето на изградбата на социјализмот и комунизмот во Советскиот Сојуз, историјата на Великата Октомвриска социјалистичка револуција, граѓанската војна, новата економска политика, индустријализацијата и колективизацијата на селското стопанство во земјата, историјата на Великата Татковинска војна и повоениот развиток на советското општество. Сериозен придонес советската историска наука има внесено во разработката на важните проблеми од развитокот на советското општество и светскиот социјалистички систем, историјата на меѓународното комунистичко, работничко и национално-ослободително движење. Советските историчари посветуваат големо внимание врз изучувањето на актуелните проблеми на историјата на СССР и светската историја, откривајќи ги на конкретен историски материјал закономерните процеси на постепеното движење на човештвото кон комунизам.

Во центарот на вниманието на историчарите се наоѓа прашањето за откривање на улогата на народните маси, како основни творци на историјата, изучувањето на богатото искуство на КПСС во изградбата на социјалистичкото општество и откривањето на многустраната дејност на великиот Ленин во раководењето со партијата и државата.

Големи и знатни се достигањата на советските историчари во подготовката на редица крупни колективни трудови за светската и национална историја. Како резултат на големата истражувачка работа, извршена од советските историчари во изминатите десет години, возможно било и создавањето на така важните обопштувачки многутомни трудови, како:

„Всемирная история" (т. 1—10, 1955—1965), серијата на етнографски огледи „Народы мира", „История Великой Отечественой войны Советского Союза 1941—1945" (т. 1—6, 1960—1965), „Советская историческая енциклопедия" (излезени се т. 1—10, 1961—1967), а потоа и завршувањето на работите на фундаменталните истражувања, каква што е многутомната „История СССР с древнейших времен до наших дней" (излезени се т. 1—II, ИУ, УП, 1966—1967) и подготовката на „История Комунистической партии Советского Союза" (излезени се т. 1, II, 1964—1966).

Големи успеси историската наука има постигнато, во годините на Советската власт, и во националните републики. Во повеќето сојузни и автономни републики создадени се трудови од историјата на народите на овие републики.

Советските историчари, како и целиот советски народ, трудбениците од братските социјалистички земји и напредното човештво широко ја одбележуваат 50-годишнината на Великата октомвриска

социјалистичка револуција. За овој славен јубилеј тие имаат подготвено голем број трудови, во кои се вклучени колективни, обопштувачки работи, монографии, публикации на документи и материјали, зборници на статии и мемоари. Сите тие се посветени на разни проблеми од историјата на Великата октомвриска социјалистичка револуција, на раѓањето и улогата на Советите, борбата за формирање и зацврснување на советската власт во националните реони, на многустраната дејност на болшевичката хартија и нејзиниот водач В. И. Ленин, како и на меѓународното значење на Октомвриската револуција.

Централен проблем што го разработуваат советските историчари е проблемот за историјата на Великата октомвриска социјалистичка револуција. Меѓу работите посветени на оваа тема е тритомната монографија на познатиот советски академик И. И. Минц „История Великого Октобря", каде во првиот том под наслов „Свержение самодержавия" (М., Изд-во „Наука", 1967, 930 стр.) го зафаќа периодот од 1914 до февруари 1917 година. Авторот темелно ги анализира социјално-економските претпоставки на револуцијата, јакнењето на револуционерното движење во Русија, борбата на болшевичката партија на чело со В. И. Ленин во годините на Првата светска војна, за претворање на империјалистичката војна во граѓанска војна, и подробно ја осветлува историјата на Февруарската буржоаско-демократска револуција. Вториот том е посветен на големите настани во кои се подготвува и спроведува Октомвриската револуција, а третиот го зафаќа важниот период од октомври 1917 година до јуни 1918 година, кога се создава и зацврстува Советската држава.

Без сомневање дека читателот ќе го заинтересира наскоро излезената од печат книга „История Великой Октябрьской социалистической революции" (изд. 2-ое дополненное и переработанное, М. „Наука", 1967, 672 стр.), што е напишана од колективот на соработниците на Историскиот институт на АН СССР. Приведувајќи многу нови документи и материјали, авторите јасно ја покажуваат херојската борба на работниците, работното селанство и војниците во Русија, кои на чело со болшевичката партија под раководството на В. И. Ленин ја извршија Октомвриската револуција, подробно го разгледуваат триумфалниот од на Советската власт и првите револуционерни преуредувања во земјата. Во книгата сестрано е осветлена многустраната дејност на В. И. Ленин и на Централниот комитет и месните организации на партијата во мобилизирањето на револуционерните сили.

Излезена е од печат новата книга на Г. Н. Голиков „Революция, открывшая новую эру" (М. Политиздат, 1967, 351 стр.), во која на обимен конкретно-историски материјал јасно се осветлуваат настаните од Октомвриската револуција.

Во издавачкото претпријатие „Мысль" излегува монографијата на Г. А. Трукан „Октябрь в Центральной России" — обопштувачки труд во кој се осветлува подготовката и спроведувањето на социјалистичката револуција во Москва и околните губернии, а прикажана е и дејноста на болшевичките организации во Тверската, Костронската, Јарославската, Тулската и другите губернии.

Во ова година издавачкото претпријатие „Наука" го има издадено VII-от том од фундаменталното издание „История СССР с древнейших времен до наших дней" (М., 1967, 751 стр.), што е подготвен за печат од Историскиот институт на А. Н. СССР. Томот е посветен на историјата на Великата Октомвриска социјалистичка револуција и Граѓанската војна во СССР од 1917—1920 година. Користејќи ги најновите достигања на Советската историографија, авторите убедливо ги покажуваат закономерностите на движењето на народните маси во револуционерната 1917 година, го покажуваат и големиот подвиг на народите на нашата земја кои, под раководството на Комунистичката партија, ја извршија револуцијата и ги одбранија нејзините придобивки во тешките борби со контрареволуцијата и странските интервенти.

Голем интерес привлекува и новоизлезената колективна монографија „Октябрьское вооруженное востание (Семнадцатий год в Петрограде)" том I—II, Л., Наука, 1967, напишана од научните соработници на Ленинградското одделение на Историскиот институт на АН СССР. Книгата го запознава читателот со политичката опстановка во Русија во предвечерието на револуцијата и темелно се истражува патот на развитокот на револуцијата од урнувањето на самодржавието до победата на пролетерската револуција. Особено внимание во книгата е посветено на политичката борба во Петроград — политичкиот и економскиот центар на земјата, на подготвувањето и спроведувањето на вооруженото востание и за револуционерната активност на трудбеничките маси. Во работата подробно се осветлува дејноста на В. И. Ленин и борбата на партијата на болшевиците и нејзиниот водач за изработување на правилна тактика и прокламирање на курс кон социјалистичка револуција. Се соопштуваат и многу помалку познати страни на економската положба во Петроград, и се приведуваат нови податоци за априлската, јунската и јулската политичка криза во 1917 година. Во сите оддели е прикажан и противничкиот лагер, т. е. привременото правителство и буржоаските и ситно-буржоаските партии.

Особено е неопходно да се одбележи овде и ново излезената, 1966—67 година, публикација документи на Петроградскиот военореволуционерен комитет „Петроградский военно-революционный комитет. Документы и материалы" во три тома (I т. — 584 стр., II т. — 558 стр., III т. — 743 стр.), подготвена од Историскиот институт на АН СССР, Институтот за марксизам ленинизам при ЦК КПСС, Главната архивска управа при Советот на министрите на СССР и од Централниот државен архив на Октомвриската револуција. Публикацијата на овој фонд документи на Петроградскиот ВРК и сите покажани материјали, што се однесуваат на неговата дејност, претставуваат голем настан во советската историска наука. Оваа вредна публикација има добиено висока оценка во страниците на советскиот печат.

Во зборникот се објавени околу 5 илјади документи кои сведочат за огромната и многустрана работа на ВРК, како раководен штаб во подготовката и спроведувањето на октомвриското вооружено востание и како прв орган на власта на победоносната Октомвриска социјалистичка револуција. ВРК организира револуционерни сили за здушување на

контрареволуционерните немири, им помага на одново создадените органи на власта, обезбедува заштита на општествениот поредок, води борба со контрареволуционерната агитација на буржоаскиот печат, извршува голема работа во обезбедувањето на населението и армијата со продукти и многу други работи. Редица важни документи на ВРК се напишани од Ленин. Во публикацијата се вклучени протоколи од седниците на ВРК, а исто така и извештаи на комесарите на ВРК.

Во последно време истражувачите имаат направено многу нешто, за да му дадат на читателот работи од историјата на Советите во периодот на Октомвриската револуција и Граѓанската војна. Врз оваа тематика е издадена книгата на А. М. Андреев „Советы рабочих и солдатских депутатов накануне Октября" (М., Наука, 1967, 423 стр.), во која, врз основа на фактички материјал, се разгледува историјата на раѓањето и организацијата на советите на работничките и војничките депутати, нивната структура и состав, творештвото на револуционерните маси, потоа се анализира дејноста на болшевичката фракција во советите, покажана е борбата на ЦК РСДРП (б) и месните болшевички организации во претворањето на советите на работничките и војничките депутати во борбени центри на Октомвриското вооружено востание, а покажана е и огромната улога на советите во подготовката и организацијата на Октомвриската револуција.

Како продолжување на истражувањата над укажаниот проблем претставува колективниот труд „Советы в первый год пролетарской диктатуры. Окт. 917 г. — ноябрь 1918 г." (М., Наука, 1967, 419 стр.). Во неа длабоко се истражува процесот на формирањето на советите, како органи на власта на диктатурата на пролетаријатот, усовршувањето на нивната организациона структура, активната борба на советите за создавање основи за социјалистичка економика, а покажана е и дејноста на новите органи на власта во областа на социјалното обезбедување, народното образование и развитокот на културата.

Во 1964 —1966 година излезе тротомната публикација на документи „Районные советы Петрограда в 1917 году. Протоколы, резолюции, постановленија общих собрании и заседании исполнительных комитетов" (М-Л, Наука, I т. 373 стр., II т. — 330 стр., III т. — 405 стр.), подготвена од научните соработници на Ленинградското одделение на историскиот институт на АН СССР и Државниот архив на Октомвриската револуција и социјалистичката изградба на Ленинградската област. Документите ја одразуваат историјата и дејноста на нижите советски органи, непосредно сврзани со широките маси на трудбениците. Тие даваат многу нови податоци за раѓањето и дејноста на реонските совети во периодот на двојната власт, ја расветлуваат политичката борба во реонските совети и процесот на нивната болшевизација. Материјалите на зборникот дозволуваат по детално истражување за меѓусебните односи на реонските совети и Петроградскиот совет од март до октомври 1917 година, а исто така и спроведувањето во живот на првите мерки на Советската власт. Тие ги дополнуваат податоците за јулските настани, за разбивањето на корниловштината, а особено податоците за одот на Октомвриското вооружено востание во Петроград.

За 50-годишнината на октомври се издава јубиларна серија на обопштувачки трудови, посветени на победата на Великата Октомвриска социјалистичка револуција во националните реони. Во оваа серија влегуваат такви томови како: „Победа советской власти на Украине", „Победа советской власти в Белорусии", „Победа советской власти в Закавказье", „Победа советской власти в Средней Азии и Казахстане". (Последнава е неодамна излезена од печат). Во нив се истражува социјално-економската положба во овие реони во предвечерието на револуцијата, процесот на формирањето на советската власт и првите социјалистички преуредувања.

Со проблемот на победата и зацврстувањето на советската власт во внатрешноста, тесно е поврзано прашањето за национално-ослободителното движење и национално-државната изградба. Во издавачкото претпријатие „Мысль" ќе излезе колективниот труд „История национально-государственного строительства в СССР (1917—1937 год.)". Во неа се истражува прашањето за формирањето и развитокот на Сојузот на Советските Социјалистички Републики, прикажани се основните закономерности на национално државничкото устројство во СССР и неговите особености во разните области на земјата. Подробно се осветлува раководната улога на комунистичката партија и на В. И. Ленин во многунационалната држава, нивната борба против големо-државниот шовинизам и локалниот национализам.

Голем дел од работите, подготвени по случај 50-годишнината на Октомври, се посветени на животот и дејноста на водачот на револуцијата — основоположникот на Советската држава В. И. Ленин — и на раководената од него партија на болшевиците. Сите издадени книги, и оние што се готови за печат, осветлуваат разни аспекти од многустранната дејност на Ленин. Во зборникот статии „В. И. Ленин — великий теоретик" (М., полит. издат, 1966, 495 стр.) се објаснува дејноста на В. И. Ленин како генијален теоретичар на марксизмот, кој го обогатува со нови важни позиции и заклучоци. Врз основа на марксистичката дијалектика, во новите конкретно историски услови, В. И. Ленин ги открива закономерностите на монополистичкиот стадиум на капитализмот, ја разработува стратегијата и тактиката на работничката класа, учењето за диктатурата на пролетаријатот, а социјалистичката држава, за партијата и др. Овие важни страни на теоретската дејност на Ленин наоѓаат одраз во книгата. Во зборникот се разгледуваат исто така историските, економските и филозофските проблеми, а покажано е и значењето на ленинизмот за разбирањето и решавањето на актуелните проблеми во современоста. Зборникот се завршува со статија за методот и принципите на научната работа на В. И. Ленин.

Во интересната и содржајна книга на Ј. А. Красин „Ленин, революция, современность" (М., Наука, 1967, 563 стр.) се проследуваат некои линии, од ленинската теорија на социјалистичка револуција сврзани со современоста, и историјата на развитокот на мислите на В. И. Ленин во врска со збогатувањето и развитокот на самата пракса на револуционерната борба. Авторот на книгата се стреми да го оцени придонесот на В. И. Ленин во марксистичката теорија на социјалистичката

револуција, од гледна точка на достигнувањата на творечкиот ленинизам до нашите денови, и да го покаже благотворното влијание на идеите на ленинизмот врз развитокот на меѓународното револуционерно движење.

Во последно време се појави голема мемоарска литература за В. И. Ленин. Излезени се од печат редица зборници на сеќавања:

„Вогне революционых боев. (Районы Петрограда в двух революциях 1917)", М. „Мысль", 1967, 583 стр., во кои се сместени сеќавањата на старите болшевици, „Ленин в 1917 году" (М. Полит. издат, 1967, 388 стр.), и „О Ленине. Воспоминания зарубежных современников" (изд. 2-е. М., Политиздат, 1966, 535 стр.). Во 1966 година во Политиздат се издадени сеќавањата на В. Д. Бонч Бруевич „В. И. Ленин в Петрограде и в Москве (1917—1920 г.)", на А. В. Луначарски „Раскази о Ленине", на М. Горки „В. И. Ленин" и други, во кои се раскажува за неуморната дејност на големиот водач, за неговото деликатно и внимателно однесување кон луѓето.

Големата Октомвриска социјалистичка револуција има светско историско значење. Таа има укажано и укажува огромно влијание врз развитокот на меѓународното комунистичко и работничко движење во сите земји.

Советските историчари му посветуваат големо внимание на разработувањето на важната тема за учеството на странските трудбеници во Октомвриската револуција и Граѓанската војна. Во ноември 1965 година Научниот совет за комплексниот проблем на „Историјата на Великата Октомвриска социјалистичка револуција", заедно со Историскиот институт на АН СССР. Институтот за славјановедение на АМ СССР и Централната архивска управа при Советот на министрите на СССР, одржа Всесојузен научен симпозиум, на кој се разгледувани прашањата сврзани со изучувањето на историјата за учеството на трудбениците од другите земји во борбата за победа и зацврстување на советската власт во Русија. Материјалите од овој симпозиум се публикувани во зборникот „Участие трудящихся зарубежных стран в Октябрьской революции" М., Наука, 1967, 343 стр.

Голем интерес за читателот ќе претставува колективниот труд „Интернационалисты, Трудящиеся зарубежных стран-участники борьбы за власт Советов в России", подготвен од Институтот за славјановедение на АН СССР, во кој неговите автори — познати советски научници — врз основа на голем архивски материјал јасно зборуваат за зародувањето и развитокот на интернационалистичкото движење во Русија. Во книгата се осветлува револуционерната дејност на странските трудбеници во периодот помеѓу Февруарската и Октомвриската револуција. Особено внимание е посветено на нивното учество во Октомвриското вооружено востание и во борбата за формирање на Советска власт во внатрешноста и на дејноста на федерацијата на странските групи на РКП (б). Подробно се анализираат дејностите на полските, југословенските, маџарските, чехословачките, бугарските, румунските, австриските, германските и другите интернационалисти. Авторите го покажуваат огромното револуционерно влијание на Советската власт и влијанието на идеите на Октомвриската револуција врз широките странски маси што се наоѓаат во Русија, и одбележуваат дека учеството

на трудбениците од другите земји во Октомвриската револуција допринесува за интернационалистичкото воспитување на трудбениците, за зацврстувањето на пролетерскиот интернационализам.

Во решенијата на ЦК КПСС „За подготовките кон 50-годишнината од Великата Октомвриска социјалистичка револуција” се подвлекува огромното значење на интернационалниот сојуз на Земјата на Советите со пролетеријатот, со трудбениците од целиот свет. Во него се вели: „Советските комунисти и целиот советски народ високо ја цени интернационалната поддршка на своите браќа од другите земји. Неизбришиво е во сеќавањата на советските луѓе учеството на илјади и илјади интернационалисти, кои со оружје в рака ја бранеа првата татковина на трудбениците. Симбол на интернационалното единство стана силното движење „Рацете тргнете ги од Советска Русија!”.

Политиздат пушта од печат серија брошури под наслов „Великая сила Октября”, напишани од истакнати јавни работници на братските комунисти и работнички партии, во кои се прикажува огромното значење на Октомври за развитокот на револуционерната борба на народните маси од целиот свет.

Од голем интерес за советскиот и странскиот читател се исто така и серијата брошури:

„50 лет Октября” (Издательство „Мысль”). Оваа серија се состои од шест брошури: „Великая Октябрьская социалистическая революция и прогрес человечества” од акад. И. И. Минц „Опыт Октября и закономерности социалистической революции” од акад. М. Б. Митин, „Международное значение Великой Октябрьское социалистической революции” од акад. Ј. П. Францев, „Великая Октябрьская социалистическая революция и национально-освободительное движение”, од дописниот член Б. Г. Гафуров „Великая Октябрьская социалистическая резолюция и международное рабочее движение” од дописниот член Т. Т. Тимофеев „Пролетаркий интернационализм в Великой Октябрьской социалистической революции” од докторот на историските науки Г. Г. Куранов.

За историјата на борбата на Советската држава за разоружување зборуваат документите што се сместени во зборникот „50 лет борьбы СССР за разоружение. 1917—1967” (М., Наука, 1967, 691 стр.). Тој го запознава читателот со основните документи на Советскиот сојуз за разоружувањето. Во него се вклучени текстови на советските предлози и проекти, изјави и меморандуми на Советската влада, некои документи на социјалистичките држави, западните држави, а исто така резолуциите на Генералното собрание на ООН за разоружувањето, потоа меѓународни договори и согласности итн.

Овој преглед не ги исцрпува сите излезени од печат, како и оние што се во печат, јубиларни изданија, а дава само пресек и кратка карактеристика на најкрупните работи.